**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „РЕВИЗИЈА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ“ ОД АВТОР Д-Р БЛАГИЦА КОЛЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1702-137/23, донесена на 78. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 3 јуни 2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
- доц. д-р Јанка Димитрова – професор на Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов *„Ревизија на сметководствените информациони системи“* од авторот д-р Благица Колева, наменета за студентите на прв циклус студии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Ревизија на сметководствените информациони системи” од д-р Благица Колева обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на сметководството и ревизијата, која студентите ја изучуваат по предметите: Сметководствени информациони системи, Ревизија и Сметководствени контролни системи. Скриптата е наменаета за изучување од страна на студентите од трета студиска година (шести семестар), на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Сметководствени информациони системи се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 2+2+1) и на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен (2+1+1), од трета студиска година (петти семестар), на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Сметководствени контролни системи се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2), и за студентите од трета студиска година (шести семестар), на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Ревизија се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2) и на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен (со неделен фонд на часови 2+1+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 135 страници, со доста табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на ревизија на сметководствените информациони системи. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов.** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите подобро разбирање на ревизијата заснована врз сметководствените информациони системи. Потребата од контрола и ревизија на сметководствените информациони системи, управување со функциите на информациските ревизорски системи, како и примената на ревизијата на компјутеризираниот сметковдствен информационен систем. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката

Сметководство, финансии и ревизија, како и студентите од насоката Финансиски менаџмент, имајќи го предвид фактот дека ревизијата на сметководствените информациони системи денес претставува како модерна, динамична и применлива професија. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот**. Содржински, трудот е конципиран во пет посебни глави, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма на предметите Сметководствени информациони системи, Ревизија и Сметководствени контролни системи. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава е елаборирана работната одговорност на раководството на ревизијата, активностите на раководството, внатрешната ревизија со своите функционални организации кои ја прикажуваат улогата и одговорноста на менаџерот на ревизијата и улогата на менаџерот во спроведување на ревизијата. Како и раководењето со ревизорските ресурси и индикатори за перформансите. Обработени се планирањето на ревизијата со нејзините цели, обем на работа и стратешко и оперативно планирање. Акцент е дадено и на контролата, мониторингот и координација на ревизијата преку мониторингот и напредокот, контрола на квалитет, проверка и надзор.

Втората глава е посветена на компонентите на сметководствените информациони системи, животен циклус, оцена и квалитет на информацискиот систем. Дефинирање и фази на системски заснованата ревизија, сметководствените претпоставки поврзани со финансиските извештаи. Презентирана е одговорноста на менаџерите за контролата, со тоа што се земени предвид три аспекти на контролите: воспоставување, извршување и супервизија.

Во третата глава од материјалот се обработени исходи од потребата на контрола и ревизија на информациските системи, трошоци за губење на податоци, влијание на квалитетот и правилата за донесени одлуки како и контролираното унапредување на употребата на информациската опрема.

Во четвртата глава детално е разработено планирање на ревизијата на информациските системи, организирање на функциите за резивија на информацискиот систем, водење и контрола на работите за ревизија на информациските системи, како и оцена на квалитет на ревизиски заклучоци и ивештаи.

Во петтата глава се обработени ревизорските техники со помош на компјутер (CAAT), нивен опис, достапност, примена и контрола. Прикажени се задачите кои ревизорот може да ги изврши со употреба на генерализираните ревизиски софтверски алатки, како и начела за развој и имплементација на специјализиран ревизиски софтвер за сопствена употреба.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на ревизија на сметководствените информациони системи, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните методи и техники кои оваа ревизија ги користи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, да можат практично да ја осознаат техниката на ревизијата на сметководствените информациони системи.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Учебното помагало - Скрипта „РЕВИЗИЈА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ“ од д-р Благица Колева претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со ревизија на сметководствените информациони системи кои задолжително ги составува и презентира секој деловен субјект. Авторот направил успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа ревизија да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ја применуваат ревизијата на сметководствените информациони системи во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне да ги пронајдат релевантните одговори на клучните прашања од областа на ревизија на сметководствените информациони системи.

Со оглед на големата важност на ревизијата на сметководствените информациони системи, сметаме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Ревизија на сметководствените информациони системи” од д-р Благица Колева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, с.р.**

**Доц. д-р Јанка Димитрова, с.р.**